УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# ЗБОРНИК

НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА

## „КОМПЕТЕНЦИИТЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧИТЕЛОТ ВО 21 ВЕК“

Штип, 2015

# ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА

## *„КОМПЕТЕНЦИИТЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧИТЕЛОТ ВО 21 ВЕК "*

(одржана на ден 03.10. 2014 година, Факултет за образовни науки, Штип)

2015, Штип

**За издавачот:**
проф. д-р Соња Петровска, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска
доц. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки одбор – Editorial Board:**
проф. д-р Снежана Јованова Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
доц. д-р Кирил Барбареев
доц. д-р Билјана Попеска
пом.асс. м-р Јадранка Рунчева

**Јазично уредување - Language Editor:**
Марија Иванова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Дизајн на корица - Design:**
проф.д-р Никола Смилков

**Техничко уредување – Technical Editing:**
доц. д-р Билјана Попеска
пом.асс. м-р Јадранка Рунчева

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.091.12:005.962.131
37.011.3-051:005.966(075.8)

КОМПЕТЕНЦИИТЕ и професионалниот развој на учителот во 21 век : научно-стручна трибина / [уредувачки одбор Снежана Јованова Митковска ... и др.]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за образовни науки, 2015. - 165 стр. : илустр.

Дел од трудовите на англ. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-245-7

а) Наставници - Компетентност - Високошколски учебници б) Наставници - Професионален развој - Високошколски учебници
COBISS.MK-ID 99385354

# СОДРЖИНА


Снежана Мирасчиева
КОМПЕТЕНЦИИТЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧИТЕЛОТ ВО 21 ВЕК.......2

Виолета Николовска
ОКОЛУ КОМПЕТЕНЦИИТЕ НА УЧИТЕЛОТ.......................................................................9

Киро Јорданов
КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИКОТ КАКО МОТИВАЦИЈА ЗА РАБОТА............15

Снежана Јованова-Митковска
КАКОВ НАСТАВНИК САКАМ ДА БИДАМ?..........................................................................21

Весна Ничева
ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА НАСТАВНИКОТ – КОМПЕТЕНТЕН НАСТАВНИК НА 21- ВЕК.........................................................................................................28

Весела Паунчева-Велјановска, Оливера Трифуновска
СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА ВО 21 ВЕК..............33

Владо Петровски, Даниела Коцева
МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧИТЕЛОТ..............37

Данче Николовска-Вратеовска, Виолета Ничева-Тиквешанска, Снежана Мојсоска, Вања Џамбазова-Николовска, Александра Ангеловска
ФУНКЦИЈАТА НА УЧИТЕЛОТ И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ГЕНЕЗАТА НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ И ЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ......................................................43

Биљана Петковска, Снежана Кирова, Драгана Кузмановска
СТАВОВИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ВРСКА СО НАСТАВНИЧКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ...51

Деспина Сивевска, Јадранка Рунчева
СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА ВО 21 ВЕК..............56

Василка Ѓурчиновски
МЕНАЏЕРСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА ВОСПИТУВАЧОТ КАКО ФАКТОР ЗА ЕФЕКТИВНО И ЕФИКАСНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧЕНИЧКИОТ ДОМ.......................................................................................................61

Блаже Китанов, Ирена Китанова
ПРОФЕСИЈАТА УЧИТЕЛ И СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО..........................................66

Билјана Попеска
КОМПЕТЕНЦИИ НА ОДДЕЛЕНСКИОТ НАСТАВНИК ОД АСПЕКТ НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ...................................................................................................................71

**УДК: 37.011-051**

# КАКОВ НАСТАВНИК САКАМ ДА БИДАМ?

**Снежана Јованова-Митковска[1]**

***[1]Факултет за образовни науки, Универзитет„Гоце Делчев“, Штип***

**Апстракт**

**Најблагородната, најстарата професија, професијата – учител, улогата која ја има учителот во животот на детето, неговата улога во развојот на општеството, отсекогаш го привлекувала вниманието на стручната, научната, пошироката јавност. Причините за ова се бројни: промени во општеството и рефлексија на тие промени во сите дејности, промени во воспитно - образовната дејност, нова концепциска поставеност на современото училиште, нови наставни програми, нови професионални, административни обврски, нови улоги и предизвици на учителот.... Интересот за оваа професија и покрај забелешките кои постојано и се упатуваат постои кај младата генерација. Прашањата за ликот на наставникот, неговата едукација, неговата компетентност се прашања кои постојано се поставуваат и кај младите луѓе кои се одлучуваат за оваа професија, кај креаторите на образовната политика, кај сите заинтересирани чинители за квалитет за образовниот, наставниот процес, т.е. каков наставник сакам да бидам, каков наставник посакуваме?**

***Клучни зборови: учител, студент, компетенција.***

## WHAT KIND OF A TEACHER DO I WANT TO BE?

**Snezana Jovanova-Mitkovska[1]**

*Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” – Stip*

**Abstract**

**The noblest, the oldest profession, the profession - teacher, the role of the teacher in a child's life and in the development of society have always attracted the attention of professional, scientific and wider public. The reasons for this are numerous: changes in society and their reflection on the changes in all activities, changes in educational activities, new conceptual structure of modern school, new curricula, new professional and administrative tasks, new roles and challenges teachers are facing… Despite the negative remarks which are repeatedly directed towards this profession, the interest for it still exists with the young generation. Questions about the character of the teacher and his/her education and competence are issues permanently discussed by young people who are opting for this profession, by educational policy-makers, all stakeholders of quality education and of the teaching process: What kind of a teacher do I want to be, what kind of a teacher do we want?**

***Key words: teacher, student, competence.***

„Да бидеш учител значи да ја работиш најблагородната работа на цел свет. Учителите се огледало на општеството. Секој возрасен се сеќава на неколку учители кои оставиле длабока трага во неговиот живот и кога зборува за нив му затреперува срцето. Учителот е личноста која описменува, дава збор во рацете како најмоќно оружје со кое се обезбедува иднината. Да бидеш учител значи да бидеш полн со

знаење, разбирање, отвореност, креативност, љубов... Да бидеш учител значи да работиш со најдрагите, со најискрените, со учениците. Да бидеш учител значи да го измениш животот на своите ученици, да оставиш трага која ни времето не може да ја избрише, да почитуваш, да бидеш почитуван. Да откриваш таленти, да помагаш, да бидеш втор родител. (Група автори, 2014)

Наведените мисли, упатуваат на значењето на најблагородната, најстарата професија, професијата – учител, улогата која ја има учителот во животот на детето, неговата улога во развојот на општеството. ..

Оваа најстара професија последниве неколку години, како резултат на крупните општествени, економски, научно - технолошки промени се повеќе го привлекува вниманието на научната, стручната, пошироката општествена јавност. Причините за ова се бројни: промени во општеството и рефлексија на тие промени во сите дејности, промени во воспитно - образовната дејност, нова концепциска поставеност на современото училиште, нови наставни програми, нови професионални, административни обврски, нови улоги и предизвици на учителот....

Размислувањата за улогата на учителот (наставникот, воспитувачот) одат во две насоки: насока на почит кон учителот, најдрагоцената личност за животот и развојот на нашето дете, „првиот учител е најважниот, најзначајниот, го трасира патот на нашето дете“ до размислувања и ставови според кои се негира нивната улога и значење за животот и развојот на децата/учениците,, се деградира статусот на учителот.

Токму ваквите ставови постојано нè поставуваат нас, учителите да се поставиме во ситуација на постојано преиспитување, поаѓајќи од фактот дека нејзиниот избор подразбира љубов кон децата, човекот воопшто, имајќи ја во вид секогаш желбата да се придонесе во нивниот развој, фактот дека оваа професија е професија која бара огромни вложувања во личниот развој, влог во едукацијата за доброто на идните генерации, професија без која не може да се замисли општественото битисување..

За улогата и значењето на оваа професија проговорил и Платон кој ќе рече „на државата нема да и штети ако чевларот нема поим за својот занает, единствено Атињаните ќе бидат лошо облечени, но ако воспитувачите лошо ги исполнуваат своите обврски, тогаш ќе се создаде поколение на незнајковци и порочни луѓе кои ќе ја упропастат земјата“, (Ilić, 2006:72)

Интересот за оваа професија и покрај забелешките кои постојано се упатуваат постои кај младата генерација. Уште од мали нозе, најчесто припадниците на женскиот пол мечтаат за оваа професија која покасно ја одбираат за нивното идно занимање. Мотивите за избор се најразлични.

Врз основа на податоците добиени од истражување реализирано за потребите на овој труд, интервјуирање на студентите од Факултетот за образовни науки во Штип, во учебната 29014/2015 година - студенти од трета година, како мотиви за избор на оваа професија се истакнуваат:

- Љубовта кон децата, учениците;
- Тој е носителот на сите општествени промени
- Најубаво е да се работи со младата популација;
- Желбата да се биде дел, да се даде придонес во јазичното, математичко описменување на младите личности;
- Желбата да се интервенира во периодот кој за младите е клучен (предучилишниот и основношколскиот период, пред се одделенската настава)...
- Да се биде дел, учесник во формирањето на младата личност, како една од поголемите општествени задачи, за со тоа да се даде придонес и во развојот на општеството.

Наставничката професија е секако една од најстарите професии која своите зачетоци ги има уште пред настанокот на училиштето. Клучно прашање кога станува збор за унапредување на образовниот систем, за унапредување на неговата флексибилност, ефикасност, проодност, е прашањето за ликот на наставникот, неговата компетентност, неговата едукација. „Наставниците ја имаат централната улога во унапредување на образованието и воспитанието, затоа што тие непосредно

влијаат на учењето и развојот на учениците. За поттикнување на развојот на учениците, неминовна е промена во односот помеѓу наставникот и ученикот. Без посилно изразени интеракциско-комуникациски односи, без почитување на ученикот како личност, развивање на позитивна социо-емоционална клима во одделението, заедничко решавање на проблемите, а не наметнувања на решенија од страна на наставникот, развивање на демократски односи во училницата, не е можно ниту успешно реализирање на воспитно-образовната работа.“ (Попова,-Коскарова, Р., 2008:19).

Ликот на наставникот, неговата едукација неговата компетентност се клучни за успешност на воспитно образовниот, наставниот процес. „Од личноста на наставникот во голема мера зависат квантитативните или квалитативните аспекти на учењето, интерперсоналните односи и клима во одделението, воспитните и наставни постапки, методите и резултатите на работењето (Арсич 1996:98)

Основното, можеби и најзначајното при изборот на учителската професија е поседувањето на љубов кон децата, љубов кон работата. Ова го нагласува уште Квинтелијан кој ќе истакне дека учителот треба да го сфати и прифати детето како родител и да се смета за негов заменик (Kvintelijan, 1967:?)

**Каков наставник посакуваме**?

Во расположливата домашна и странска литература во која се говори за наставникот, наставничката професија конкретизирани се некои одлики за посакуваниот наставник, како: наставник кој ја сака својата професија и кој неуморно работи на сопственото просветлување и едукацијата на младите генерации; наставник кој поседува емоционалната стабилност, морална, стабилна личност, личност со цврста волја и цврст карактер; искрен, праведен, доследен, објективен; наставник со чувство на одговорност; наставник кој ги има усвоено етичките правила и норми и постапува согласно со нив, наставник пример за хуманото однесување и дејствување; добро едуциран наставник; културен човек, човек со визија, сестрано образование и општа култура; човек кој верува во моќта на образованието; човек кој има развиена смисла за творечка работа; наставник - стручњак во своето подрачје; човек кој ќе поседува стручни знаења, дидактичко-методички знаења, човек кој постојано вложува во својата едукација, во својот кариерен и професионален развој; наставник со висок морал, достоинство, солидни стручни квалификации, со висок професионализам, наставник со развиена смисла и способност за воспитна работа, човек кој е заинтересиран за севкупниот развој на своите ученици со нив комуницира и ги подржува, човек кој умее да воспостави добра комуникација со секој, човек кој може да воспостави добра клима за учење и развој; човек кој умее да го планира своето време, да го планира секој момент од секојдневното работење, човек кој ќе умее да го утврди исходот од учењето, наставник менаџер со време, простор, средства, клима, дисциплина во паралелката, наставник лидер, носител на промените, наставник рефлексивен практичар, истражувач, наставник полн со елан ...

Горенаведеното теоретско излагање го потврдуваат и резултатите од спроведеното анкетирање на студентите од трета година на Факултетот за образовни науки во Штип и Струмица. Анкетирани беа 35 студенти. Станувaше збор за намерен примерок. Од методите се користеше дескриптивниот метод, техниката анкетирање со инструментот анкетен лист, кој содржеше од отворен тип.

На прашањето „Каков наставник сакам да бидам?“, испитаниците ги дадоа следните одговори:

- Наставник родител, пријател и другар со учениците;
- Одговорен наставник
- Наставник кој стекнатото знаење ќе го пренесува на своите ученици во текот на наставата
- Наставник кој постојано ќе го надградува своето знаење

- Наставник кој во текот на наставата ќе применува нови техники и методи на работа, учениците ќе бидат слободни да даваат нивни предлози за организацијата на часот
- Наставник кој секогаш ќе има разбирање кон учениците
- Наставник секогаш подготвен да помогне
- Комуникативен наставник
- Наставник кој ќе умее да воспостави позитивна пријатна работна атмосфера
- Водич
- Поттикнувач
- Енциклопедија
- Личност во која учениците ќе веруваат
- Наставник кој ќе се труди да ги сфати сите грешки на учениците а потоа заеднички со нив да ги реши со заеднички јазик
- Наставник кој ќе работи на групната кохезија, „да направам сите да бидат заедно, да не се делат меѓусебе, да соработуваат меѓусебно за време на наставата а и надвор од неа да се дружат"
- Толерантен наставник
- Добар советодавач
- Наставник со кој учениците би се гордееле, забавен наставник кој ќе им понуди многу знаења на учениците
- Наставник кој своите должности ќе ги извршува навремено
- Наставник почитуван од своите ученици
- Сакам да бидам наставник кој во очите на децата ќе биде втор родител за нив
- Сакам да бидам заштитник на децата во согласност со моите можности
- Сакам децата да ги научам на многу други работи за животот согласно нивните развојни карактеристики
- Сакам да бидам наставник кој ќе им даде добар правец во животот на децата, добро да ги воспитам и образувам да развијам кај нив љубовта кон училиштето и да ги оспособам да бидат доживотни ученици
- Наставник кој ќе ги почитува сите деца без оглед на нивната верска, национална, религиска припадност
- Наставник кој ќе применува разни пристапи во работата, Наставник кој ќе воспостави пријателски однос со колегите и родителите на учениците
- Креативен , прецизен наставник, добар
- Наставник добар со милозлив глас кој ќе ги мотивира, поттикнува учениците
- Наставник кој добро ќе објаснува и јасно ќе ги пренесува содржините
- Наставник истражувач
- Наставник кој ислушува
- Наставник кој ги извршува своите административни обврски
- Наставник професионалец, наставник кој ќе умее да ги одржува учениците внимателни, дисциплинирани

На испитаниците им беше поставено и спротивното прашање: Каков наставник не сакам да бидам?

Како одговори се истакнаа:

- Не сакам да бидам строга и досадна во предавањата
- Нетрпелив наставник, наставник кој го бара од учениците „невозможното"
- Наставник кој секогаш доцни на часовите, доаѓа неподготвен на часови
- Груб, тврд, лоша комуникација со учениците
- Неорганизиран, незаинтересиран наставник

- Не сакам да бидам наставник кој ќе е многу строг и автократски, наставник кој бара многу од учениците:
- Не сакам да бидам намуртен, негативен, полн со негативна енергија, агресивен, незаинтересиран наставник
- Не сакам да бидам наставник кој нема свои ставови, интелектуална независност, несигурен во себе и своите знаења;
- Не сакам да бидам наставник во кој учениците не гледаат авторитет
- Не сакам да бидам наставник кој ќе им вика на децата
- Не сакам да бидам непријателски настроен наставник
- Не сакам да бидам неодговорен наставник
- Не сакам да бидам наставник кој ќе ги етикетира децата и ќе ги дискриминира
- Не сакам да бидам наставник кој ќе дојде на час, ќе си ја предаде предвидената содржина за тој час и ќе си замине без дополнителни објаснувања за реализација на активноста
- Не сакам да бидам наставник кој ќе нема доволно знаења, ќе нема доволно комуникација со своите ученици
- Не сакам да бидам наставник со кој децата ќе имаат монолог
- Не сакам да бидам наставник кој не знае како да направи хармонична атмосфера на часот со учениците;

Наведените искази од испитаниците говорат за јасниот став кој го имаат студентите кон наставничката професија, за нивната јасна определба за тоа како треба/ не треба да изгледа наставникот, што тој треба/не треба да прави, за тоа каков би требало да биде идниот современ наставник.

Наведените одлики на посакуваниот наставник не се вродени, но се формираат и развиваат низ еден поширок, подолготраен едукативен процес кој започнува во семејството, предучилишната установа, училиштето (основно, средно), продолжува понатаму низ високообразовната установа, факултетите наменети за едукација на наставници каде и се стекнуваат и развиваат стручните квалификации и продолжува понатаму низ најразлични формални или неформални едукации секако, придржувајќи се на концептот на доживотно учење и на потребата за професионален и кариерен развој.

Имајќи го во вид фактот дека во современото училиште наставникот остварува бројни, нови улоги: планер, програмер, организатор и реализатор на воспитно-образовната работа; воспитувач, советник, дијагностичар, координатор, реализатор на процесот на учење, стимулатор на квалитетно учење и подучување, прогностичар и терапевт; истражувач, верификатор.... се поставува и прашањето за поседувањето на конкретни компетенции кои се клучот за успешно остварување на овие улоги, за постигнување на квалитет во наставниот процес. Ваквите компетенции наставниците ги стекнуваат во текот на својата едукација на наставничките факултети, наставната практика, самоедукацијата. Согласно со ова се и тенденциите за трансформации во курикулумите на наставничките факултет т.е. новите компетенции и промените во курикулумите за образование на наставниците прават „пресврт од трансферот на знаења кон развој на компетенциите како цел на образованието“.(Baranović, B., 2006)

Како клучни компетенции кои треба да ги стекнат студентите, идни наставниците определени како систем на знаења, вештини способности и вредности кои покасно ќе се збогатат низ соодветно практично искуство, согласно програмите на факултетите за едукација на наставници се истакнуваат: висока експертиза во еден или повеќе специфични предмети (академско образование); стабилни знаења и разбирање од предметната/ите област/и за кои тој/таа е одговорен/а; познавање на најмалку еден странски јазик; дополнување на своите предметни експертизи со педагошки способности, вклучувајќи ја мотивацијата за учење, креативноста, соработката, разбирање на социјалниот контекст на образованието (особено предметните наставници); разбирање за педагошкиот потенцијал на технологијата (особено ИКТ), развојот на способностите да се интегрира во процесот на наставата и учењето;

способност за интегрирање на принципите на доживотното учење во процесот на наставата и учењето; способност за постигнување на меѓународни (европски) стандарди во држењето на наставата; широки и избалансирани знаења и разбирање на основните карактеристики на образованието во најразличен, особено европски и интеркултурен контекст; способности за воспоставување и одржување на обмислена аргументација за образовни прашања; отчетност за придонесот кон образованието на детето или младинецот и преземање професионална одговорност за развојот на личноста, талентот и менталните, духовните и физичките атрибути на секое дете или млада личност; знаења, разбирање и спремност за вклучување во тековните образовни прашања и давање придонес во процесите на развој на курикулумите (особено на локално ниво), професионалниот развој на вработените и севкупниот училиштен развој; оспособеност за примена на широк спектар на различни стратегии во наставата со цел овозможување на учењето на децата, вклучувајќи соодветна примена на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ); способност и посветеност за промоција на еднаквоста на можностите за сите луѓе во инклузивно општество и активно преземање чекори за елиминација на дискриминацијата; интелектуална независност и докажан критички ангажман; знаења и способности за унапредување на учењето на оние ученици кои имаат проблеми/бариери во учењето; известување на родителите и другите заинтересирани страни за успехот и напредокот на учениците; способност за извршување на административни задачи според барањата на училиштето; способност за преземање обврска и заложби за сопствениот професионален развој;

Кои и какви компетенции ќе стекнат студентите, идни наставници, во голема мера зависи од посветеноста, ангажираноста и наставниот кадар и од ангажманот на студентот во текот на студирањето, од нивниот ентузијазам и желба за успех и како студенти, како идни наставници.

Влогот во едукација на наставниот кадар, во јакнењето на нивните капацитети за ефикасно и ефективно извршување на бројните наставни, училишни обврски и задачи, значи паралелно и влог во развојот на идните генерации, влог во развојот на општеството.

Иницијативите, заложбите за квалитет во образованието кои во последно време се случуваат во нашата земја, неминовно се и иницијативи за подигање на квалитетот во едукацијата на наставниот кадар. Токму затоа и факултетите за едукација на наставници постојано работат на реконструирање на нивните студиски програми, во согласност со светските и европските тенденции, во согласност со европските определби за наставнички компетенции, во согласност со глобалните цели на државата за континуираното образование на наставниот кадар, во согласност со целите поставени во Националната програма за развој на образованието и др. документи, се во насока на едуцирање на прогресивни, проактивни, стручни и професионално обликувани наставници.

**Наместо заклучок**

„Ако учителот само ја сака својата работа, тогаш тој е добар учител. Ако наставникот го сака ученикот како татко и мајка , тој е подобар од оној учител кој ги прочитал сите книги, но не ја сака својата работа, ниту учениците. Кога учителот ќе ги соедини љубовта кон работата и кон учениците тогаш тој е совршен учител“

**Лав Толстој**

**Користена литература**


1. Andrilović, V. I Čudina-Obradović, M. (1996). *Psihologija učenja i nastave - psihologija odgoja i obrazovanja*. Zagreb: Školska knjiga
2. Arsić, M. (1996). *Kako (ne) ocenjivati učenike*, Kruševac.
3. Baranović, B. (ur.) (2006), *Nacionalni kurikulum za obvezno obrazovanje u Hrvatskoj:različite erspektive.* Zagreb: Institut za društvena istraživanja u Zagrebu

4. Гојков и сарадници (2006). *Циљеви-компетенције учитеља и васпитача,* Вршац: ВШОВ,
5. European Commission: Education and Culture (2005). *Common European Principles for Teacher Competences and Qualifications*, Преземено на 07.09.2014., http://domus.srce.hr/iuoun/images/dokumenti/dokumenti170209/principles_en.pdf
6. Ilić. M. (2006). *Školska pedagogija*, , Užice: Učiteljski fakultet u Užicama
7. PetljakJakunić, B. (2008). *Učitelj danas – od zahtjeva, preko profesionalne podrške do kvalitete,* Преземено, на *07.09.2014,* http://www.azoo.hr/admin/fckeditor/File/B_%20Petljak,%20Ucitelj%20danas%20%20od%20zahtjeva%20preko%20profesionalne%20podrske%20do%20kvalitete.doc
8. Попова, К.Р. (2008). *Стратегии, методи и техники за успешно менаџирање со одделението или класот*, Скопје
9. Razdevšek-Pučko, C. (2005). Kakvog učitelja/nastavnika treba (očekuje) škola danas (i sutra). *Napredak: časopis za pedagogijsku teoriju i praksu, 146 (1),* 75-90.
10. Rosić, V. (Ur) (1999). *Međunarodni znanstveni kolokvij: Nastavnik –čimbenik kvalitete u odgoju i obrazovanju*. Rijeka: Filozofski fakultet
11. Štimac, V. (2006). *Kompetencije i njihova primjena u šest većih organizacija*. Преземено на 07.09.2014 од http://crosbi.znanstvenici.hr/datoteka/266181.VisnjaStimac.pdf
12. VizekVidović, V. (Ur.) (2005). *Cjeloživotnoobrazovanje učitelja i nastavnika: Višestruke perspektive.* Zagreb: Institut za društvena istraživanja.
13. http://www.dobridaskalov.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=454%3A2014-10-09-18-44-53&catid=1%3Alatest-news&lang=mk#sthash.RUqZtCao.dpuf